

# Споменик на Крсте Петков - Мисирков на плоштадот Пела

На плоштадот Пела во строгиот центар на градот завчера вечер беше откриен споменикот на Крсте Петков - Мисирков. Откривањето на бронзената скулптура, која е дело на македонскиот уметник Боро Митриќески, започна со чествување за Мисирков на плоштадот Македонија каде што беа читани извадоци од неговите дела. Реч за Мисирков одржа академик Блаже Ристески, а беше прикажан и краток документарен фил за еден од најзначајните македонски преродбеници. Споменикот на Мисирков беше поставен на плоштадот Пела на иницијатива на фондацијата "Рамковски", а со поддршка од Општина Центар.

На споменикот, кој е висок три метри, свежо цвеќе положија премиерот Никола Груевски, министрите Зоран Ставревски и Гордана Јанкуловска, претставници на повеќе владини институции и многу наши културни работници.

***(Е.А.)***